

Христо Станишев (24. XII. 1863 - Софија, 12. XII. 1952) е македонски градежен инженер во Бугарија, деец на македонското револуционерно движење. Во 1895 година го формира и е претседател на Македонското друштво во Бургас, а во 1896 година бил назначен за благајник на Македонската организација во Бугарија. Од 1897 до 1899 година бил и претседател на ВМК во Софија и заслужен за приклонувањето на Македонскиот комитет кон ТМОРО. Во 1902 година бил член на Врховното тело на македонската емиграција, а по Првата Светска Војна бил во раководството на Сојузот на македонските емигрантски друштва во Софија. Бил член на МНИ во Софија, а во 1933 година претседавал на Великиот македонски собор во Горна Џумаја.

Христо Станишев е роден на 24 декември 1863 година во Кукуш. Со основно образование се стекнал во родното место. Во 1880 година заминал за Софија, каде учи класична гимназија, а по завршувањето на средното образование во 1885 година, студира градежен инженер на Универзитетот во Гент, Белгија. Меѓутоа, веќе наредната година, поради смртта на неговиот татко тој се враќа во татковината.

Во недостаток на средства, за да ги продолжи студиите, Христо Станишев предава десет месеци во Солунската машка гимназија, а држи часови и во женската гимназија. Во текот на овој период, негов пријател од факултетот, редовно му испраќа материјали од предавањата кои му овозможуваат на Христо успешно да ги положи испитите. Во меѓувреме, за последните две години студии, успева да добие стипендија од Министерството за образование на Бугарија. Ослободен од финансиските проблеми, тој дипломира како првенец на генерацијата во 1889 год.

Христо како бугарски стипендист, по дипломирањето оди во Бугарија. На почетокот, тој ја затекнал земјата со неразвиена патна и друга инфраструктура. Имало едвај 2100 километри изградени патишта. Така тој почнува да работи на изградба на патишта, мостови, железнички пруги, водоводи и згради низ целата земја. Во 1893 година урбаната комисија на Бургас го назначила за градежен инженер на градот.

Во недостаок на градежни кадрови, Христо Станишев создава своја градежна школа, од каде ќе произлезат многу ученици и негови следбеници. Тој е еден од основачите на

Бугарското инженериско-аргитектонско друштво, формирано во 1893 година. Со своите колеги тој ќе изгради нови патишта кои се за десетпати повеќе од првично затекнатите. Меѓу нив е и пругата Левски – Свиштов.

Како градежен инженер тој учествува и во многу други проекти, меѓу кои се: постаментот на „Цар Ослободител“ во Софија, основата на храмот „Св. Александар Невски“, северното крило со колонади на Народното собрание, Англиската легација во Софија, обновата на црквата „Св. Недела и Народниот театар, бугарскиот павиљон на Светската изложба во Лиеж во 1905 и во Милано во 1906 година. Негови градби постојат и до ден денес.

Покрај градежништвото, Христо рано се вклучува и во Македонското револуционерно движење и активен меѓу македонската емиграција во Бугарија. Во 1895 година тој е основач и претседател на Македонското друштво „Пирин планина“ во Бургас. Во 1896 година тој е назначен за благајник на Македонската организација во Бугарија, а од 1897 до 1899 година е претседател на Врховниот македонски комитет (ВМК) во Софија. Во 1902 година, Христо Станинов бил член на Врховното тело на македонската емиграција. Истата година го издава весникот „Реформи“ и се советува со Гоце Делчев и Пеју Јаворов. По негова заслуга Македонскиот комитет се приклонил кон ТМОРО.

За време на Балканските војни бил доброволец. По Првата Светска Војна бил во раководството на Сојузот на македонските емигрантски друштва во Софија, која застанува на страната на Тодор Александов и Александар Протогоеров. Станал член на Македонскиот научен институт во Софија, кој се формира во 1923 година, како и на масонската ложа. Во 1933 година претседавал со Великиот македонски собор во Горна Џумаја.

Христо Станишев  бил еден од најистакнатите преставници на македонската емиграција во Бугарија. Додека како помлад криел под креветот сандаци со пушки, како повозрасен гледал достоинствено да ја престави македонската емиграција и Македонската револуционерна организација, како во Бугарија така и надвор од земјата.

Христо Станишев починал на 12 декември 1952 година во Софија.